НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА

ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ

НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ – БИТОЛА

ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ

БР.24

БИТОЛА

2021

ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ БР. 24 НА Н.У. ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ – БИТОЛА

Издавач:
НУ Завод и музеј Битола

За издавачот:
д-р Мери Стојанова

Претседател на редакциски одбор:
Енгин Насух

Технички секретар:
м-р Јове Парговски

Членови на редакциски одбор:
Надежда Георгиева
Оливера Макриевска
Владо Ѓоревски
д-р Александар Литовски

Лектор:
д-р Виолета Крстеска

Печати: ГРАФО ПРОМ Битола

Тираж: 300

СОДРЖИНА

Александар МИТКОСКИ
МЕТАЛНИ НАОДИ ОД ЖЕЛЕЗНО ВРЕМЕ ОД ПРАИСТОРИСКАТА ЗБИРКА НА НУ ЗАВОД И МУЗЕЈ – ПРИЛЕП 1

Гоце НАУМОВ, Јасмина ГУЛЕВСКА
ИСТРАЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛИТЕТОТ ВЕЛУШКА ТУМБА, ВО 2021 ГОДИНА 17

Душко ТЕМЕЛКОСКИ, Оливера ЈАНДРЕСКА, Владимир КРСТЕСКИ
МУЛТИЕТНИЧКА ПЕЛАГОНИЈА ВО РАНАТА АНТИКА 37

Оливера ЈАНДРЕСКА
„ФУНЕРАРЕН БАНКЕТ“ КАКО ИКОНОГРАФСКИ МОДЕЛ НА АНТИЧКИТЕ НАДГРОБНИ СТЕЛИ 53

Весна КАЛПАКОВСКА
РАНОВИЗАНТИСКИ НАДГРОБНИ НАТПИСИ ОД С. ГРАДЕШНИЦА И ОД ЗРЗЕ 65

Паре ЗАРЕВСКА
ОРНИТОЛОШКИ МОТИВИ НА СРЕДОВЕКОВНИ ГЛАЗИРАНИТЕ САДОВИ 77

д-р Александар ЛИТОВСКИ
ПРИЛОГ ЗА СОРАБОТКАТА НА ОСЛОБОДИТЕЛНИТЕ ДВИЖЕЊА НА МАКЕДОНИЈА И АЛБАНИЈА ВО ВТОРАТА 91

Гоце ВЕЉАНОСКИ
ИСТОРИСКОТО ЗНАЧЕЊЕ НА ЗБИРКАТА НА ИСТОРИСКИ ПРЕДМЕТИ ВО НУ МУЗЕЈ „ЗАПАДНА МАКЕДОНИЈА ВО НОВ” - КИЧЕВО 105

Драган ГЕОРГИЕВ
Борис Проевски како учесник во Балканските и во Првата светска војна 115

д-р Роберто ТРАЈКОВСКИ
Продорот на засилениот извидувачки баталјон на СС бригадата „Адолф Хитлер“ во Вардарскиот дел на Македонија според мемоарите на Курт „Панцер“ Маер 123

Стефан КАРАЏОВСКИ
ПОЗНАЊСКАТА БИСКУПИЈА ПОМЕЃУ ВАТИКАН И МАГДЕБУРГ
133

Викторија МОМЕВА АЛТИПАРМАКОВСКА
ДВЕ СТАРИ БИТОЛСКИ КУЌИ СО ОТВОРЕН ЧАРДАК
141

Ефросинија ПАРЕВСКА
ПАФТИТЕ ОД ЕТНОЛОШКАТА ЗБИРКА НА НАКИТ НА НУ „ЗАВОД И МУЗЕЈ“ – БИТОЛА
155

Владо ЃОРЕСКИ
ИСТОРИЈА НА БИТОЛСКОТО СЛИКАРСТВО, ПОЧЕТОЦИТЕ НА СОВРЕМЕНИОТ ЦРТЕЖ И ГРАФИКА-ВТОР ДЕЛ
165

Биљана ТЕМЕЛКОСКА
НАЦИОНАЛНИ БИБЛИОТЕКИ
181

Соња Стрезоска ВЕЛЈАНОВСКА
МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ ВО БУГАРСКИ МОНОГРАФИИ (БИБЛИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ ОД 2010 ДО 2020)
191

Зоран АЛТИПАРМАКОВ
ЗАБЕЛЕШКИ И ПРЕДЛОЗИ ЗА ИЗМЕНИ, ДОПОЛНУВАЊА КОН ПРОПИСИТЕ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА
207

Гоце НАУМОВ
РЕКОГНОСЦИРАЊЕ И МАПИРАЊЕ НА ПРЕДИСТОРИСКИ ЛОКАЛИТЕТИ ВО БИТОЛСКО ПОЛЕ (ПЕЛАГОНИЈА) И ГОРНА ПРЕСПА (ПРЕСПАНСКО ЕЗЕРО)
221

Почитувани читатели,
Почитувани колеги,

Пред нас е новото издание на „Зборник на трудови” кое како и години наназад така и овој пат ќе понуди автентични материјали и нови сознанија од областа на историјата, заштитата и презентацијата на движното и недвижното културно наследство, како и од музеологија, етнологија, фолклористика, археологија, историја на уметноста, епиграфика....

Како дел од издавачката дејност на Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Битола оваа едиција претставува стручно и научно списание кое е интересно четиво како за стручната така и за пошироката јавност. Во него се поместени трудови на наши колеги од редот на вработени во оваа институција, но и трудови на колеги кои работат во различни сфери во културните и научнитеинституции ширум републиката.

Традиционално „Зборникот на трудови” го носи зачуваното графичко решение на корицата како препознатлив печат на ова издание, додека во самата едиција ќе ги најдете поместени и инструкциите за авторите, со цел да информираме за тоа како треба технички да се подготвуваат статиите за да го заслужат своето место во некој иден ваков број.

Како и секое претходно, и ова издание го испраќа својот апел до сите колеги и научни работници и во иднина да се пријавуваат со свои стручни и научни трудови до редакцискиот одбор со цел истите да бидат презентирани во јавноста. Престедателот и техничкиот секретар на овој одбор во текот на целата година стојат на располагање за прифаќање на трудови, но и за секаква асистенција во врска со аплицирањето за учество во Зборникот.

Претседател на Редакцискиот одбор

Енгин Насух

в.д.Директор

д – р Мери Стојанова

Викторија Момева Алтипармаковска[1]

ДВЕ СТАРИ БИТОЛСКИ КУЌИ СО ОТВОРЕН ЧАРДАК

Апстракт

Најстарите претставници на станбената архитектура во градот, куќите изградени во периодот од 18 век, 19 и почетокот на 20 век во Битола, се одликувале со специфични карактеристики кои се темелеле, пред сè, на етничката припадност на нивните инвеститори и корисници.

Според документираните и проучените објекти од овој тип, како и според малубројната литература која се однесува на традиционалната битолска куќа, во градот се констатирани неколку типови куќи меѓу кои и куќите со отворен чардак.

Во овој текст ќе се разгледаат две куќи од урбаното ткиво на градот „реконструирани“ според сеќавање и усни кажувања, лоцирани во источниот дел на градот, во зоната околу црквата Св. Богородица, во која живееја христијански семејства.

Клучни зборови: традиционална архитектура, чардак, трем, проучување, документирање, заштита и конзервација

* * *

Традиционалната архитектура на Балканот не е одредена само од географските и топографските услови, туку како што напишал познатиот антропогеограф Јован Цвијиќ (Цвијиќ 1966) , таа е подредена и на културните влијанија, етничката припадност и менталитетот на мозаикот народи и етникуми кои живееле во градовите и селата на Балканот кој бил простор на нивно опстојување.

Термините кои се користат за нејзино детерминирање, како „народна архитектура“ што е идентично со терминот „фолклорна архитектура“, односно „балканска архитектура“ се однесуваат на традиционалната архитектура на народите на Балканот и ги земаат предвид сите влијанија кои тука се вкрстувале како и наталожените слоеви на култури и цивилизации (античка, словенска, византиска)

---

1 Авторот Викторија Момева Алтипармаковска е доктор по етнолошки науки, конзерватор-советник, работи на заштита и промоција на традиционалната архитектура, НУ Завод и музеј- Битола, ул. „Климент Охридски“ бр.18, 7000 Битола, e-mail: makvast@yahoo.com

кои опстојувале со векови наназад (Момева Алтипармаковска, В., 2018: 5-6).

На почетокот од освојувањето на Балканот од страна на Турците Османлии тие ја задржале византиската административна поделба, но не биле заинтересирани за обнова на средновековното наследство - утврдените градови,тврдини и подградија со објекти изградени од дрво, кои ги затекнале на ова поднебје (Којиќ 1949: 40-42).

Во текот на 14 и 15 век, Османлиите на Балканот започнале да развиваат нови градски центри на темелите на постоечките кои брзо попримиле изглед на ориентални градови.Менувањето на физиономијата на населбите го следел процесот на исламизација и брзиот развој на занаетчиството и трговијата во првите векови од турското владеење.На средновековните занаети им се придружиле многу нови кои ги донеле Турците, како и нова еснафска организација која подоцна имала особено влијание врз ориенталниот карактер на градовите.

Од описите на турскиот патописец Евлија Челебија кој престојувал на Балканот во средината на 17 век[2], се заклучува дека Битола во 17 век имала изглед на турска населба со востановени главни карактеристики на турските ориентални населби: чаршии, џамии, мектеби, медреси, анови, амами, имарети и куќи опкружени со пространи дворови и бавчи. Повеќевековната традиција и принципите за градење градски населби (касаби и шехери) која ја донеле Османлиите се огледува во поделбата на населбите на занаетчиско-трговски дел - чаршија и станбени делови - маала.Во чаршиите се одвивал стопанскиот живот и тука биле сместени сите важни јавни згради (анови, караван - сараи, безистени, амами, медреси, саат кули, имарети и религиозни објекти: џамии, месџиди, турбиња, гробишта (Redžić 1982: 33-35). Во чаршиите биле лоцирани многубројни дуќани и занаетчиски работилници изградени од дрвен материјал и просторно издиференцирани, еден занает - една улица.

Во чаршиите заедно работеле и муслиманите и христијаните, а во станбените заедници-маала најчесто живееле одвоено. Маалата биле „формирани од повеќе улици, со 30-40 куќи, џамија и мехтеб –

2 Во неговата „Сијахатнама“ дал опис за 110 утврдени градови, некои од нив со развиени подградија, 27 села, 15 паланки, 52 касаби и 10 шехери. Се заклучува дека во тоа време статус на шехер имале само Битола и Скопје, кои потекнувале од утврдени градови што била главна карактеристика на населените места во средновековната држава.

основно училиште, фурна, зарзаватчиски дуќан и берберница“ (Redžić 1982:36).

Куќите на старите и новите жители на Балканот делумно се разликувале. Со текот на времето тука затекнатите куќи, градени од локалните анонимни мајстори, почнале да добиваат специфични обележја под влијание на новодојдените. Станбените објекти во периодот пред доаѓањето на Турците биле градени од дрво, просторно неразвиени, а новата куќа што ја донеле Турците претставувала поразвиен тип и обезбедувала повисока станбена култура. Како таква, не само што била прифатена од локалното исламизирано население туку со одредени модификации била прифатена и од оној дел на христијанско население кое ја задржало својата вера.

Донесениот модел на куќа за нив била традиционално наследство и била составена од приземје и спрат. Во приземјето имало кујна и остава, како простории за зимско живеење а на спратот биле собите. Приземјето било ѕидано од камен, истото било затворено кон улицата (или со мал број прозорци) и отворено кон дворот. Спратот бил од бондрук – дрвена скелетна конструкција[3] со еден или повеќе еркери кон улицата, чардак или ајат кон дворот, со многу прозорци поставени во низа. Постариот донесен тип бил целосно затворен кон улицата а отворен кон дворот, додека поновиот тип граден во 17 век имал исфрлени еркери и ќошки со многу прозорци заштитени со мушерабии (дрвени решетки).

Крововите имале вешто направена дрвена конструкција, честопати многу сложена, со длабока стреја.

Во христијанските маала, кои располагале со помали локации за градење куќи, градината била мала или воопшто ја немало а куќите збиени и со повеќе катови.

Куќите на Балканот кои настанале според наследените влијанија, автохтоните услови и карактеристики а се развивале според надворешните влијанија, балканските архитекти и истражувачи, во текот на втората половина од 20 век, ги детерминирале во неколку основни типови[4] меѓу кои и куќата со подолжен трем која била резултат

3 Проф. Александар Дероко во неговите истражувања објавени 1964 год., воочил сличност со целото подрачје на територијата на турската феудална држава, па и на Блискиот Исток. Независно од Балканот, примената на оваа конструкција била распространета во цела Средна Европа и посеверно во текот на целиот среден век.

4 Првиот тип е куќата од камен (приземна или на спрат) која се развила во планинските области на Балканот чие градење било условено од климатските и теренските услови, присутните материјали и начинот на стопанисување.

на јужните влијанија, пренесени од грчко-егејската култура. Оваа куќа во себе ги носела класичните влијанија и се смета за најстар тип. Едноделната куќа со трем[5] се смета за изворна и основен прототип на куќата со подолжен трем и за дериват на грчко-античкиот мегарон, примен преку грчко-егејските влијанија што претставува класично наследство на Балканот (Павловиќ, Д., Ангелова, Р., ет ал. 1987: 114).

Куќата со трем и чардак се развивала по хоризонтала и вертикала. Тремот се простирал по целата должина на приземјето а доколку таа била на спрат, како што се граделе куќите во рамничарските предели на територијата на Македонија (Круниќ 1996: 23), во Јужна Србија, Косово и Метохија, во јужните делови на Бугарија и северниот дел на денешна Грција, таа имала и чардак.

Текстот се однесува на овој тип куќа која воедно се смета за пренесена од селата во градскиот простор. Овој пренесен тип на живеалиште, куќата со трем во приземјето и чардак на катот, новодојденците ја прилагодувале на новите услови на градско живеење[6].

При еволуцијата на овој тип куќа, дел од тремот, односно чардакот подоцна бил преградуван во посебна соба и на тој начин настанала куќата со асиметричен план, односно до нов поттип на куќата со чардак.

Типот на куќа со трем и чардак со правоаголна основа и нејзиниот поттип со основа во форма на буквата Г, во минатото често се граделе во Битола. Во проучувањата преземени во текот на последните неколку деценции на 20 век, врз ретките преостанати примероци од овој тип на куќи во Битола, констатирано е дека битолската куќа со подолжен трем и чардак била градена скоро на ист начин на целиот простор на Балканот: дебели ѕидови од камен во приземјето и тенки

Второт тип била симетричната троделна куќа со централен распоред и попречен средишен хол и централно поставена влезна партија, како и нејзините сложени форми со симетрични основи на спратот, градена во градовите на централните и источните делови на Балканот а под влијание на градот, пренесени и во некои села во близина на градовите. Куќата се смета за производ од ориенталните влијанија. Таа претставува репрезентативен модел на градската архитектура не само во Битола туку и на целиот Балкан, во периодот на Отоманската Империја, омилен модел на куќа на поимотните трговци и истакнати граѓани од тоа време.

5 Според теренските истражувања на авторот, овој тип на куќи сѐуште можат да се сретнат во некои полски села во Битолскот крај.

6 Во руралната средина нејзиниот едноделен модел се развил со додавање на соби и продолжување на тремот, односно чардакот во дводелна, троделна и куќа со повеќе делови во која можеле да живеат повеќе инокосни семејства.

ѕидови од лесна дрвена конструкција – бондручна на катот со исполна од плитар, тула или друг лесен материјал (трска, гранки, штици и сл.).

Така, овој текст и неговите технички прилози[7] претставуваат обид за реконструкција на градската куќа со подолжен трем и чардак што се градела во Битола и нејзиниот поттип со основа во форма на буквата Г, т.е. архитектонска и наративна (дескриптивна) реконструкција на две куќи од 19 век, од делот на градот во близина на црквата Св. Богородица, на улицата „2 Август“, некогашна ул. „Доситеј Обрадовиќ“ во периодот после Првата светска војна, т.е. за време на Кралството СХС, според катастарските податоци од 1932 за КП број 4110 КО Битола. Оваа улица претставува комуникација која ги поврзува централниот дел од градот со Ат пазар (преку железниот мост) и Јенимаале (Гинимале) преку „Мостот на Сали“.

Тоа е делот од градот „Кај митрополијата“ во близина на црквата „Св. Богородица“, изградена во19 век и Митрополијата[8]. Урбанистички, овој дел од градот го поврзувал центарот на градот со источниот дел на чаршијата и Ат пазар. Во него биле населени еснафски семејства чија професионална определба била поврзана со дејностите во чаршијата, како и семејства кои доаѓале од околните села и ги купувале куќите на семејствата кои предходно живееле тука.

Според кажувања, сеќавања и стари фотографии, како и според Уверението за историски преглед на извршените запишувања реконструирана е историјата и архитектонскиот изглед на двата објекти лоцирани на наведената улица.

Првиот анализиран објект е „Куќата на Дафина“ на ул. „2 Август“ бр.7 сместена во внатрешноста на локацијата, која има изразито тесен и долг приод што укажува на тоа дека оваа локација е издвоена од некоја многу поголема парцела во минатото. Оваа куќа има ориентација северозапад и југоисток. Таа, на североисток и запад, се граничи т.е. „се потпира“ на соседните објекти.

Пристапот од улицата до објектот е од затворен тип, заграден со авлиските огради од соседните парцели. Локацијата е со неправилна форма, а исто така и самиот објект. Во дворот во непосредна близина на куќата имало бунар и помошен објект.

---

7 Техничките прилози се изработени од диа. Клара Тодоровска, надворешен соработник.

8 Битолската митрополитска резиденција изградена во периодот на1901-1902 год. Таа и црквата „Св.Богородица“ изградена 1870-71 год., претставуваат регистрирани споменици на културата, дел од културното наследство на Македонија.



Прилог бр.1. Основа на приземје и кат на "куќата на Дафина" на ул.,,2 Август" бр.11, Битола

Куќата била од приземје и кат, со влез во двете простории од приземјето директно од дворот преку тремот, од кои едната била кујна со огниште а другата била ќерал. Во задниот дел на овие две простории постоела помала просторија за складирање на огревен материјал- дрва и ќумур. Сите простории во приземјето имале подови од земја и мала висина во споредба со денешниве стандарди.

Ѕидовите во приземјето биле градени од камен со дебелина од 60 см, додека на катот биле од бондрук - дрвена конструкција со исполна од плитар.

Пред двете простории во приземјето, се наоѓал трем со под од земја од кој поаѓале дрвените скали до спратот. Просторот под нив бил заграден и се користел како кокошарник.

Чардакот на катот кој се простирал по целата должина на основата на спратот, бил поставен врз дрвени столбови со едноставно обработени дрвени седла врз кои се потпирала меѓукатната конструкција од дрвени греди. Подолжниот и отворен чардак имал визура кон дворот кој се протегал кон југ. Тој имал повеќе функции – ги поврзувал одаите на спратот и се користел како простор за седење и спиење во летниот период. Двете одаи со пристап од чардакот се осветлувале со два прозорци, по еден за секоја одаја, симетрично поставени. Во едната одаја имало огниште и вградена покуќнина – серген. Во продолжение на двете одаи на катот, во нивниот заден дел, исто како на приземјето, имало помошни простории.

Подовите во приземните простории биле изведени од земја, додека на катот од штици.

Вратите и прозорците - дограмата биле едноставно изработени од дрво, со паралелно поставени штици без никаква декорација. Кровната конструкција била на две води а кровниот покривач од турски ќерамиди.

Надворешните ѕидови на катот биле малтерисани и обоени со боја, додека ѕидовите во приземјето биле изведени од камен, премачкан со калов малтер.

Оваа куќа многу потсетуваше на куќите во полските села во Битолскиот крај. Описот на куќата е направен по сеќавање на авторот на текстот, како и од кажувањата на ќерката[9] на некогашната сопственичка на куќата - Дафина Димитрова Кицова.

Оваа куќа ја купил дедото на Дафина, Герасов Стерјов Јован кој дошол во градот од потпелистерското село Ротино, на почетокот на 20 век и ја купил претходно изградената куќа, а ја наследил неговиот син Кицов Јованов Димитар а подоцна неговата ќерка Кицова Димитрова Дафина која работела како учителка во грчко-влашкото училиште во Магарево каде се омажила.

Во текот на седумдесеттите години куќата беше урната и на нејзино место изградена нова. Подоцна и во дворното место, кое беше поделено на два дела, беше изграден мал станбен објект.

9 Милица Астакова моминско Кицова, родена 1935 год. во Битола, во оваа куќа.

Вториот истражуван објект е „Куќата на баба Кифче“, на ул. „2 Август“ бр.14 во Битола, сместена на ивицата од парцелата, со главната фасада на уличниот фронт.

Оваа куќа на североисток се потпирала на објект со поголема висина, на северозапад се граничела со дворот на соседната куќа, а на југозапад со соседниот објект. Пристапот до неа беше преку дворот, односно директно од улицата преку двокрилна дрвена порта поставена на оградниот ѕид од камен кој имаше камари во кои се чуваа дрвата за огрев. Дворот на куќата во однос на улицата во тоа време беше денивелиран т.е. имаше висинска разлика за повеќе од 20 см.

Прилог бр.2 Во левиот горен агол на фотографијата е старата куќа на ул.„2 Август“ бр.11 (Фотографијата е од приватната архива на Милица Астакова)

Куќата на баба Кифче беше сместена на локација со неправилна форма и имаше основа која го следеше обликот на парцелата, со мал двор во кој централно беше сместена, веднаш пред тремот, тулумба за вода која се употребуваше само за хигиенски потреби,но не и за пиење. Вода за пиење бабата снабдуваше од чешмите во соседните дворови. Честопати децата од соседството ѝ ги полнеа стомните и ѝ помагаа за некои едноставни секојдневни потреби. Тогашниот комшиски живот во градот се одликуваше со голема социјална контрола и нагласен соживот, па и воспитувањето на помладата генерација беше во тој дух.

Во југозападниот агол од локацијата, непосредно до портата беше сместен тоалетот - ќенефот, со минимални димензии.

Прилог бр. 3 Ситуација и изглед на главната фасада
на „куќата на баба Кифче“ на ул. „2 август“ бр. 14 Битола



Прилог бр. 4 Основи на приземје и кат на
„куќата на баба Кифче“ ул. „2 август“ бр. 14

Од страна на улицата објектот имаше визба со ѕидови од камен, со дебелина од 80 см и мала висина. Во визбата се влегуваше преку неколку стрмни скали.

Објектот се состоеше од приземје на ниво на теренот, меѓукат и кат. Од дворот преку тремот се влегуваше во просториите на приземјето кои се користеа како ќерали, додека со првиот крак од дрвените скали се стигнуваше до просторијата на меѓуспратот а со вториот крак преку чардакот до одаите на катот.

Ѕидовите во приземјето беа изградени од камен и имаа приближна дебелина од 60 см, додека на спратот беа направени од дрвена бондручна конструкција со исполна од тули. Тремот ги поврзуваше просториите во приземјето, додека чардакот служеше за комуникација и ги поврзуваше просториите на спратот. Чардакот беше поставен на дрвени столбови над кои имаше дрвени седла кои ја „носеа“ меѓукатната конструкција, а столбовите на чардакот, исто така со седла, ја носеа кровната конструкција.

Од тремот во приземјето до чардакот на спратот поставени беа дрвени скали во два крака, првиот крак водеше до меѓуспратот каде беше сместена најупотребуваната просторија во куќата – „одајчето на Кифчето“ ориентирана кон улицата, во која баба Кифче живееше и работеше, плетејќи ги своите прочуени тантели по цел ден, па и навечер, покрај уличниот прозорец, без употреба на светло. Одајчето имаше мала висина и три прозорци ориентирани кон улицата и еден кон дворот, односно портата. Под нив, по цела должина на уличниот ѕид, беше поставен миндер за седење.

Подот и таваницата беа направени од дрвени штици, а прекриени со ткаен ќилим.

Вториот скалишен крак водеше до одаите на чардакот на кој ние, децата од улицата, имавме забрана за пристап, бидејќи таа сметаше дека дотраените штици на подот не се безбедни за нас. Отворениот чардак ги поврзувал просториите на спратот.

Двете простории на катот се осветлуваа преку прозорците кои гледаа на чардакот, а беа украсени со завеси од бел вез. Овие



Прилог бр. 5 Пресек 1-1 и пресек 2-2 на објектот со основа во форма на буквата Г

простории, баба Кифче еден период ги издаваше под закуп со што си обезбедуваше егзистенција.

Надворешните ѕидови на куќата беа малтерисани и обоени со боја. Внатрешните врати беа таблени, изработени од дрво како и целата дограма и кровната конструкција што беше покриена со турска ќерамида.

Според службената катастарска евиденција на податоци од 1932 год., оваа куќа била сопственост на Анѓелковиќ Христов Лазар од Битола, за соседите познат како Лазо вујче. По војната, во 1948 год. со тогашната ревизија на имотите заведена е на една од неговите ќерки, Анастасија на Лазо вујче, а 1971 на нејзината сестра Ристова Лазар Василка (Христова Лазар Василикија) која куќата ѝ ја оставила во наследство на својата внука. Ова укажува на не прецизното работење на катастарските служби во тоа време, како и понатаму, со далекусежни последици по сопствениците, наследниците и купците кои во 2008 год. направија исправки на катастарските грешки во смисла на големина на објектот и дворот.

Ова укажува дека имотно-правните односи честопати имаат свој негативен удел во заштитата на старата архитектура, покрај лошите детално урбанистички планови и неизградената јавна свест за значењето на старата архитектура.

Заклучок

Традиционалната куќа во Битола била верен одраз на социјално-економските односи и на општествено-политичките состојби в градот. Таа ги илустрира во синтетизирана форма еволуцијата на економскиот и културниот развој а во материјална форма ги отсликува културните, економските и етничките карактеристики на населението кое живеело во неа.

Интересот за традиционалната архитектура и грижата за нејзината заштита во Битола е сведен само на нејзино техничко и фото-документирање, што не го запира процесот на нејзино брзо исчезнување.

Во методологијата на конзервација на архитектонските објекти, техничката и фото-документацијата претставува прв чекор и основа во заштитата на културното наследство. Нејзината вредност и значење не застарува, туку напротив со текот на времето се зголемува.

Изготвената документација (фото и техничка) за традиционалната архитектура во градот има двојна вредност и таа се состои во

непосредното значење на фотографиите, кои претставуваат вреден документ за материјалното наследство што го создале анонимните мајстори со нивните неповторливи вештини. А, пак, цртежите и плановите од куќите, нивни детали и пресеци од објектите кои денес не се сочувани, имаат посебна архитектонска, уметничка, техничко-технолошка и историска вредност која претставува единствено сведоштво за исчезнатите или денес изменети и пренаменети објекти и амбиенти.

Станбените објекти, претставници на традиционалната архитектура во Битола, заслужуваат да бидат подетално проучени и заштитени, конзервирани и реставрирани со цел зачувување на нивната автентичност и осознавање на историско-архитектонскиот развој на градот.

Ако се земе во предвид дека од формирањето на Заводот за заштита на спомениците на културата 1975 год., до денешен ден, во градското подрачје реализиран е само еден конзерваторски проект за овој тип на куќи, очевиден е ставот на институцијата и државата кон овој тип на објекти. Реализираните проекти од областа на промоција и популаризација на традиционалата архитектура се многу значајни за подигнување на свеста за значењето и заштитата на оваа архитектура, но не се доволни за овој вид на културно наследство да биде заштитено. „Популаризацијата овозможува создавање на критична маса која поттикнува масовна заштита, а не само строго професионална, затоа што заштитата не е привилегија на професионалците туку должност на сите“ [10].

10 Д-р Роланд Силва (1933-2020), првиот претседател на ИКОМОС Шри Ланка и претседател на меѓународниот комитет на ИКОМОС, еден од пионерите во конзервацијата, кој го вклучи локалното население во процесот на заштита, одржување и конзервација на културното наследство.

Користена литература:

Граматиков, Г., Архитектурния облик на Хасково през възраждането, Годишник на Етнографски музей - Пловдив, Пловдив, 1998.

Дероко, А.,Фолкорна архитектура Југославије, Београд, 1964.

Крунић , Ј., Смештај, развој облика и основе битољске куће при концу турске владавине, Зборник Архитектонског факултета у Београду, свеска 3,1956/57, Београд, 1957.

Крунић , Ј., Баштина градова средњег Балкана, Београд,1996.

Леонтиќ, М., Македонските градови и нивниот опис во делото „Патописи“ на Евлија Челеби. Меѓународен конгрес на тема „Балканот на Евлија Челеби“, во организација на МАНУ- Скопје и МЕДАМ (Центар за цивилизациски истражувања) – Истанбул, Скопје, 2012.

Момева Алтипармаковска, В., Традиционалната архитектура во Битола и битолскиот крај, монографско издание, издавач НУ Завод и музеј Битола, Битола, 2018.

Момева Алтипармаковска, В., Старата битолска куќа дел од балканската архитектура, Зборник од симпозиумот „Битола низ вековите“, Битола, 2008.

Момева Алтипармаковска, В., Старата битолска куќа- етнологија и архитектура, издавач НУ Завод и музеј Битола, Битола, 2007.

Павловиќ, Д., Ангелова, Р., ет ал. Народно градитељство на Балкану, Београд,1987.

Цвијиќ, Ј., 1966 Балканско полуострво и Јужнословенске земље, I и II, Београд, 1966.

Redžić, H., Islamska umetnost, Edicija Umetnost na tlu Jugoslavije, Izdavački zavod Jugoslavije: Beograd, 1982.